Месечен е-билтен на Секретаријатот за европски прашања
Влада на Република Македонија
Октомври 2015

# Известувачот за Република Македонија во Европскиот парламент, г. Иво Вајгл на средба во Секретаријатот за европски прашања



Вицепремиерот Бесими истакна дека Евро - атлантската интеграција останува еден од клучните стратешки приоритети на нашата земја, а Владата продолжува да работи во спроведувањето на потребните реформи и мерките за понатамошно правно и институционално приближување кон Европската Унија. Дискусијата се фокусираше на активностите кои се преземаат за спроведување на клучните реформи од европската агенда на земјата.
Европратеникот Вајгл ја истакна својата подготвеност за овозможување на понатамошен придонес за поддршка на соработката и за реформските процеси во нашата земја, од аспект на неговиот личен ангажман и од аспект на улогата во

Европскиот парламент. Тој исто така ја истакна и потребата од целосна имплементација на постигнатиот политички дијалог.повеќе

## Средби во Брисел во пресрет на Извештајот за напредок

The image cannot be displayed. Your computer may not have enough memory to open the image, or the image may have been corrupted. Restart your computer, and then open the file again. If the red x still appears, you may have to delete the image and then insert it again.

На средбите со директорот на Директоратот за проширување на ЕУ, г.Кристијан Даниелсон и со првиот човек за одделението за Македонија во овој директорат, г.Жан-Ерик Паке, главна тема беше претстојниот Извештај за напредок. Очигледно е дека очекувањата во Брисел се големи за Македонија и за тоа земјата задолжително и ефикасно да работи на имплементација на политичкиот договор од 2 јуни, заедно со пакетот на реформи што треба да ги направи нашата земја. Целта е сето тоа соодветно да се рефлектира во претстојниот извештај и Македонија да биде пред Европскиот совет со уште една препорака за отворање на преговорите за членство во ЕУ и со извештај што ќе даде насоки за во наредниот период да се реализира агендата за проширување на ЕУ со натамошен прогрес на очекуваните реформи што се најзначајни за Република Македонија - посочи Вицепремиерот Бесими во изјава за МИА.
повеќе

## Билатерални средби на Вицепремиерот Бесими



### Средба со германската пратеничка г. Геринг

На средбата се разговараше за активностите и капацитетите на земјата за справување со големиот број на мигранти како и на брановите кои се предвидуваат да



### Средба со амбасадорот на Данска г. Лисалоте Пласнер

На средбата вицепремиерот Бесими се заблагодари за континуираната поддршка од страна на Данска во процесот на Евро-Атлантска интеграција на Република Македонија



### Средба со г. Рене Џоунс Бос, Заменикот министер за надворешни работи на К. Холандија

Во текот на разговорот беше истакнато дека Холандија е еден од најголемите поддржувачи на Република Македонија за членство во евроатлантските структури, но дека за неа е клучно Македонија да продолжи да испорачува мерливи резултати во спроведување на реформите во соодветните области. Во тој

пристигнат како и за мерките кои се преземаат од наша страна. Бесими информираше за координативните состаноци со претставници на ЕУ, и на земји и организации донатори во Република Македонија каде една од темите на дискусија е и миграцијата и актуелната ситуација. Тема на разговор на состанокот беа и последните случувања во земјата, во контекст на Евро-интегративниот процес, исполнувањето на потребните реформи како и политичкиот договор.
повеќе

и нашиот регион. Данска е поддржувач на процесот на проширување на ЕУ, и е на ставот дека услов за натамошното напредување на земјите треба да бидат достигнувањата во исполнувањето на неопходните обврски на секоја земја поединечно.
повеќе

контекст се даде осврт и на актуелната политичка ситуација како и активностите за реализација на итните реформски приоритети.повеќе

## Регионален директор на УНИЦЕФ, г.Мари Пјер Поарие на средба со раководството на СЕП




На средбата се разговараше за мерките и активностите кои се преземаат во нашата земја, а во насока на справување со бегалската и мигранската криза како и за заклучоците од мини Самитот посветен на истата. Вицепремиерот Бесими за време на разговорот истакна дека Македонија прави се што е во нашите можности и надлежности со цел соодветно справување со состојбата, пред се заштита на животот и здравјето на мигрантите, заштита на националната и јавната безбедност и заштита на јавното здравје, а особено во насока на сузбивањето на криумчарењето со мигранти и трговијата со луѓе.
повеќе

## Донаторска конференција за бегалскиот предизвик во организација на Секретаријатот за европски прашања

The image cannot be displayed. Your computer may not have enough memory to open the image, or the image may have been corrupted. Restart your computer, and then open the file again. If the red x still appears, you may have to delete the image and then insert it again.

На состанокот беа презентирани плановите на Владата на Република Македонија за справување со бранот мигранти од земјите на Блискиот исток и Африка. Притоа, беа изложени и конкретни проценки на потребите, од кои дел веќе се обезбедуваат од сопствени извори и ресурси на земјата, како и преку поддршка од неколку меѓународни организации, активни во оваа област.
Од страна на присутните претставници на ЕУ, земјите донатори и меѓународни организации беше поздравена иницијативата за одржување на ваква средба. Особено, што истата се одржува во пресрет на министерскиот состанок на ЕУ во Луксембург, на кој се разгледуваат конкретни планови на Унијата за справување со ситуацијата.
повеќе

EU talks
Secretariat for European Affairs

## "Очекувања предизвици и следни чекори во евроинтеграциите"

The image cannot be displayed. Your computer may not have enough memory to open the image, or the image may have been corrupted. Restart your computer, and then open the file again. If the red x still appears, you may have to delete the image and then insert it again.

Во пресрет на најавеното објавување, од страна на Европската комисија, на овогодинешната Стратегија за проширување и Извештајот за напредокот на Република Македонија, во просториите на Секретаријатот за европски прашања денеска се одржа дебата на тема:"Очекувања, предизвици и следни чекори во евроинтеграциите"
Денешната дебата е дел од дебатниот циклус "ЕУ Разговори" во организација на Секретарјатот на европски прашања, во насока на реализирање на ЕУ Агендата 2015, а со цел подобрување на квалитетот на дијалогот во процесот на пристапување во Европската Унија, водејќи се од начелата на инклузивност и транспарентност во своето работење.повеќе

## Спроведување на реформскиот процес

- Владата на Република Македонија ја усвои Статегијата за вработување 2016 - 2020 година, сеопфатен документ со кој треба да се адресираат предизвиците во област на вработеноста на младите, долгорочна невработеност, зајакнување на линкот на образованието и пазарот на труд.

- Одржан Семинар за Програмите за реформи во вработувањето и социјалната политика за земјите кандидати за членство во Европската унија, во организација на Европската комисија, во рамки на Програмата за економски реформи (Economic Reform Programme - ERP).

## ИПА Прооекти

### Промотивен настан на Програмата за регионален економски развој (ГИЗ РЕД): "Поддршка на регионалниот економски развој преку одржливи проекти"

**Финансиран од**: ЕУ

**Цел на проектот:**Успешна имплементација на политиките за балансиран регионален развој, во согласност со стандардите на ЕУ, како и понатамошен придонес кон намалување на регионалните нееднаквости во земјата, преку зајакнато регионално управување и подобра координација на политиките.

**Вкупна вредност**: 676.000 евра
**повеќе**

### "Промовирање на услугите за социјална инклузија"

**Финансиран од:**Инструментот за претпристапна помош на ЕУ (ИПА)

**Цел на проектот:** Подобрување на системот, услугите и професионалните капацитети за социјална инклузија на мажи и жени во независна позиција и промоција на еднакви можности на пазарот на труд.

**Вкупна вредност**:1.366.250 евра

**Времетраење**:24 месеци (јули 2015 - јули 2017)

**Клучен корисник**:Министерството за труд и социјална политика
**повеќе**

## Проекти кофинансирани од ЕУ во надлежност на Министерството за локална самоуправа



### Одржлива тематската мрежа на енергија на прекугранични локални власти - "ENERGYNET"

**Финансиран од:**Европска Унија и национално кофинансирање, ИПА Прекугранична Програмга меѓу Грција и Република Македонија 2007-2013
**Цел на проектот:**Справување со последиците од климатските промени преку тематско вмрежување на локалните власти на тема "Одржлива енергија" и "Воведување одржливо планирање на енергија на



### Жива историја - жива природа II "LHI-LNA II"

**Финансиран од:**Европска Унија и национално кофинансирање, ИПА Прекугранична Програмга меѓу Грција и Република Македонија 2007-2013.
**Цел на проектот:**Реализација на заеднички интервен ции од страна на партнерите со цел заштита на историските и природните ресурси на прекуграничната област со цел избраните места од интерес да се користат како средство за промовирање на посебните

општинско ниво" во секојдневното функционирање.
**Вкупна вредност:** 745.839,00 €
**Буџет за партнерите од Република Македонија:**267.285,00 €
**Времетраење:**Ноември 2014 - Август 2016
**Имплементиран од:** Република Македонија: 1. општина Велес , 2. општина Прилеп Република Грција: 1. општина Лерин 2. општина Ираклиа, 3. општина Визалтиа

карактеристики на подрачјето преку развој на три локални "патеки" - "Патишта на жива историја", "Патишта на жива природа" и "Крстопати на историја и природа".
**Вкупна вредност:**729.370,00 €
**Буџет за партнерот од Република Македонија**: 293.036,00 €.
**Времетраење:**Ноември 2014 - Август 2016
**Имплементиран од:** Република Македонија: општина Новаци, Република Грција: општина Меглен (Алмопија)



## Иновативни практики во заштитата на животната средина

Општата цел: поддршка кон одржливо управување со природните ресурси на животната средина во сливот на Преспанското Езеро и регионот на Корча. Целта на активноста е да ги поддржи пилот практиките за подобрување на третманот и квалитетот на водата во сливот на Преспанското Езеро и регионот на Корча.
**Финансиран од:** Европска Унија и Влада на Република Македонија
**Времетраење на проектот:** проектот е започнат од 26.02.2014 година и ќе трае 20 месеци
**Вкупниот буџет на проектот за корисникот на грант во Република Македонија е:** 181.990,15 евра
**Вкупниот буџет на проектот за корисникот на грант во Албанија е:** 175.266,00 евра
**Локација:** Република Македонија - Областа на Преспанското Езеро, Ресен,Преспа и Галичица Албанија- Лиќенас и Корча
**Имплеменитиран од:** Comitato di Coordinamento delle Organizzazioni per il Servizio Volontario (поддружница Прилеп) - Република Македонија и Destination Management Organization-Албанија.
**Партнери:** Општина Ресен; Јавна институција Национален парк Галичица-Република Македонија и Општина Личенас; Transborder Wildlife (TWA); Универзитет "Fan S. Noli"-Албанија



## Алтернативен туризам во Дебар

Општата цел: локален и регионален економски развој, а специфична цел на проектот е да се промовира туризмот во Дебар преку изградба на нова пешачка патека во должина од 2,2 km покрај брегот на Дебарското Езеро. Изградбата на оваа инфраструктура покрај езерото ќе обезбеди добра основа за привлекување поголем број посетители. Посетителите ќе можат да уживаат во слободни активности како што се: пешачење, возење велосипед и трчање.
**Финансиран од:** Европска Унија и Влада на Република Македонија
**Траење на проектот:**проектот започна од 11.12.2013 година и ќе трае 20 месеци
**Вкупниот буџет на проектот за корисникот на грант во Македонија е** 238.320,00 евра
**Локација:** Република Македонија -
**Општина:** Дебар Албанија - Пешкопеја
**Имплеменитиран од:** Општина Дебар, Република Македонија
**Партнер:** Општина Пешкопеја, Албанија

## Вести од ЕУ

- Јункеровата комисија:Една година подоцна
- Комплетирање на економската и монетарна унија: Комисијата презема конкретни мерки за јакнење на ЕМУ
- Лидерите се состанаа за изнаоѓање на решение за зголемениот прилив на бегалци долж трасата на земјите од Западен Балкан
- Јункеровака комисија ја усвои втората годишна програма за работа
- Нови насоки за подобро искористување на европските пари:Комисијата им помага на земјите-членки со јавните набавки
- Хоризонт 2020: Новата програма за работа го поддржува растот во Европа, работните места и конкурентноста
- Мини Самит за западнобалканската миграциска рута:Лидерите договорија акциски план во 17 точки
- Делегацијата на Европската Унија го објавува конкурсот за наградата "Жан Моне" за 2015 година
- Промоција на потпрограмата Медиа на Креативна Европа наменета за аудиовизуелната индустрија
- Изјава на високиот претставник на Европската унија - Федерика Могерини , по повод Меѓународниот ден за ставање крај на неказнувањето на казниви дела дела против новинари, 2 ноември 2015

## Дали сте знаеле дека...?

- Наградата Сахаров за слобода на мислата се доделува секоја година од страна на Европскиот Парламент. Формирана е во 1988 година во чест на поединци и организации за одбраната на човековите права и основни слободи.
- Секоја година 400.000 прерани смртни случаи во ЕУ се резултат на загадувањето на воздухот.
- 120 милиони потрошувачи на ЕУ сакаат да ги резервираат своите туристички аранжмани онлајн
- 100 милијарди долари годишно - Се наменети за подобрување на финансиска клима до 2020

## Позначајни меѓународни датуми

- 10 ноември  Светски ден на науката за мир и развој
- 14 ноември  Светски ден на дијабетесот
- 16 ноември  Меѓународен ден на толеранцијата
- 21 ноември  Светски ден на телевизија
- 25 ноември  Меѓународен ден за елиминација на насилството врз жените

***Ви благодариме***